**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 декември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Ејуп Рустеми, Џезаир Шаќири, Теута Арифи, Никола Ќуркчиев, Каролина Ристова, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ, Љубчо Георгиевски, Абдуладии Вејсели, Никола Груевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Сашко Кедев и Илија Китаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Застанавме на десеттата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон.**

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен, а вчера ви ветив дека денеска ќе го причитам заклучокот. Еве сега го читам.

Значи на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Бидејќи го знаете заклучокот, се надевам дека ќе се соберат пратениците. Има дојдено 37 пратеници.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата)

**Љупчо Јордановски:** Веднаш да кажам, чекам 5 минути да се собереме, а после тоа вклучувам 10 минути за кворум.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Десетте минути за кворум течат.

Благодарам.

Пратениците нека седнат на своите места.

Службите нека го утврдат бројот.

Благодарам.

Сега сме 61 пратеник присутни.

Уште еднаш да го прочитам заклучокот за тие што не беа тука на почетокот и не го слушнаа.

Значи, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 60 гласале за, 1 воздржан, 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 59 за, нема воздржан, 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Најдовски, поднесе амандмани на член 4 за менување на став 6 и за додавање два нови става 7 и 8 по ставот 6, за додавање нов член 11-а по членот 11 и за менување на член 12, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Ѓорѓи Трендафилов и Драго Шајноски, поднесоа амандмани за бришење на членовите 8 и 9 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Никола Апостоловски, Ангел Димитров, Јордан Михајловски, Владо Паунков, Марија Којзеклиска, Хусеинџеват Хусеини, Драган Ѓорѓиев, Сашо Богдановски, Добре Трековски, Спиро Мавровски, Никола Камчев, Благоја Гешоски, Борис Кондарко, Борко Ангелоски, Коста Прешоски, Марјан Ѓорчев, Јусуф Арифи, Аднан Јашари, Емилија Костадинова, Наташа Биковска, Соња Лепиткова, Благој Голомеов и Благородна Мингова Крепиева, поднесоа амандман на член 1 за додавање нов став 5 по ставот 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратениците Никола Апостоловски, Ангел Димитров, Јордан Михајловски, Владо Паунков, Марија Којзеклиска, Хусеинџеват Хусеини, Драган Ѓорѓиев, Сашо Богдановски, Добре Кековски, Спиро Мавровски, Никола Камчев, Борис Кондарко, Борко Ангелоски, Коста Прешоски, Марјан Ѓорчев, Јусуф Арифи, Аднан Јашари, Емилија Костадинова, Наташа Биковска, Соња Лепиткова, Благој Голомеов и Благородна Мингова Крепиева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Овој амандман не произлегува од амандман што го нуди Владата, туку амандман кој пратениците го поднеле дополнително на членот. Нема врска со амандманите кои ние ги предлагаме. Значи е дополнителен, на сосема други одредби се однесува. Заради еднаков даночен третман на сите обврзници Владата не го прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Апостоловски, имате збор.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот е поднесен со цел собирачите на шумски плодови да се ослободат од оданочување со персонален данок на доход.

Факт е дека собирањето на шумски плодови не е постојана, туку повремена дејност, која не само што има сезонски карактер есен и пролет, туку во одредени години, доколку временските услови не се поволни, не може ниту да се предвиди собирањето.

Собирачите на шумски плодови, ниту знаат, ниту се информирани дека треба да поднесуваат даночна пријава.

Во прилог на амандманот што го поднесовме сакам да истакнам неколку работи, како аргументи зошто треба собирачите на шумски плодови да се ослободат од персоналниот данок.

Прво, собирањето на шумските плодови, според проценка, се занимаваат околу 50 илјади семејства, или околу 200 илјади луѓе, претежно од ридско-планинските неразвиени подрачја во Републиката, кои слободно може да се каже дека се во групата на социјалните случаи и сиромашни граѓани.

Второ, едно лице дневно може да собере од еден до еден и пол кологрям, или два килограма шумски плодови.

Трето, годишниот приход по лице од собирањето на шумските плодови во најдобар случај може да изнесува од 15 до 20 илјади денари.

Четврто, од извозот на шумските плодови државата остварува нето девизен прилив, колку јас сум информиран од 8 до 10 милиони долари, или во најдобрите години, кога сезонските услови дозволувале, се остварувало прилив од 20 до 30 милиони долари.

Кои се негативните работи кои би се појавиле ако се оданочуваат собирачите на шумските плодови.

Прво, поради ниските и нестимулативните откупни цени на шумските плодови наметната од светските трговски движења, нелојалната конкуренција на домашниот и на странскиот пазар со извозниците од земјите во регионот, ќе се одрази на искористувањето на природниот потенцијал преку кој се остварува извоз и девизен прилив.

Второ, постои тенденција која во последната година е изразита на преселба на купувачите на шумски плодови од европските земји, претежно Италија, Франција и Шпанија во земјите во регионот, односно во нашите соседи Бугарија, Турција, Романија, Руската федерација, бидејќи во овие земји собирачите на шумски плодови не се оданочени со персонален данок.

Од овие причини го поднесовме амандманот и барам поддршка од останатите пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарм господине претседателе. Почитуван министре јас мислев дека ќе имате малкуповеќе разбирање, затоа што оваа дејност во Република Македонија е токму во деловите на неразвиените подрачја и сега не знам што со ова се сака, затоа што и во законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата, повторно влегуваат надоместоци за собирање на диви растенија, габи и други шумски плодови од националниот парк.

Мислам дека начинот на кој што форсира да се направи, апсолутно е недоличен, затоа што на тие граѓани што се обезбедува за да можат да ги соберат шунските плодови, дали државата обезбедила услови, или во однос на што тие треба да ја платат оваа давачка. Значи и таму каде што некој се решил да оди со часови по планинските врвови за да може да собере печурки, смрека или боровинки, вие на крајот ќе му побарате да плати ДДВ, да плати персонален данок и на крајот ќе излезе од неговиот труд државата чекајќи само во местата каде треба да се предадат...

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски да почекаме да се смират пратениците. Очигледно Нова година почнавме да славиме т ри дена порано. Продолжете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе. Јас мислам дека министерот ја слуша расправата. Се работи за не толку големи средства, со кои што државата и да ги прими во Буџетот, како што кажува, после тоа ќе бидат пренасочени во места каде што нема да стигнат повторно до луѓето кои што ги оствариле. Значи, целта не се остварува. Тие средства кои што Буџетот ќе ги добие, а не ги добивал ни досега, апсолутно нема да бидат наменски искористени. Како што кажавте и самите еве и во овој Буџет во однос на тие рурални средини, во однос на тие што значат заостанати краишта, освен електрификација на тие 2-3 села, апсолутно не се предвидува ништо и некој пилот проект. Но, од ова живеат голем број на луѓе кои што примаат социјална помош, кои што едноставно, го бараат начинот како да преживеат. Ако вие и овде мислите дека може да се најде и мора да се земе од овие средства, апсолутно не се согласувам и затоа сум еден од предлагачите на амандманот и амандманот ќе го поддржиме како пратеничка група на ВМРО Народна партија.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 34 за амандманот, 2 воздржано, 29 против.

Консатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на став 6 и за додавање два нови става

7 и 8 по ставот 6, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 8, поднесенод пратениците Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Ѓорѓи Трендафилов и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Поповски, министер за финансии. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, бидејќи даночните обврзници кога остваруваат приходи од авторски права во текот на годината плаќаат данок на одбивка за секој поеднечен остварен приход по стапка од 15%. Заради потребата од еднаков третман заедно со сите други даночни обврзници по овие основи, обврската да поднесат годишна даночна пријава по истекот на годината останува, аконтацијата на овие приходи што е наплатена по одбивката при поднесување на пријаватасе одбива од пресметаниот годишен данок на доход. Од тие причини, нема потреба од овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Изгледа се работи за недоразбирање. Во контекст на сето ова што е борба на Парламентот за ослободување на давачките кои треба да ја донесат науката на некое ниво за кое сите ние се залагаме, но за жал изгледа немаме подеднакво разбирање, со овој амандман вие донесувате една нова ситуација и тоа е членот 8, во кој се говори дека во членот 78 ставовите 2 и 3 се бришат.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски)

За да нема недоумици и меѓу пратениците кои не го прочитале ова и меѓу граѓаните, ќе се обдам да објаснам во што се состои амандманот и зошто бараме овој член кој што го предложивте како закон да се брише.

Членот 78 гласи:

"Аконтација на данокот на доход за приходот од авторски права и права од индустриска сопственост се пресметува по ставка од 15%".

Сега вие предлагате наредните два става да се бришат.

"Данокот од став 1 на овој член има аконтативен карактер освен за приходите од став 3 на овој член", а ставот 3 гласи:

"Приходите од пишани дела, книжевни, научни, стручни, публицистички студии, рецензии и слично, приходите од театарски дела, приходите од ликовни дела, сликарски, вајарски и слично и дела од областа на архитектурата и кинематографските дела и приходи од преводи, стручни и научни предавања и слични интелектуални услуги се одданочуваат по стапка од став 1 на овој член, а пресметаниот и наплатениот данок по одбивка се смета за конечно намирена даночна обврска.

Приходите по овие основи не влегуваат во даночната основа на годишниот данок од доход".

Како што го разбрав ова, мислев дека научниците и оние што се занимаваат со научна дејност треба да платат аконтација на данокот од доход, но кој е гарантот дека во текот на една година дека тие луѓе воопшто ќе бидат ангажирани да ги направат овие научни, стручни и публицистички студии и ако веќе работиме на тоа да имаме ослободување на даночната обврска и помагање на науката, треба да дефинираме, како што кажавте и самите, еден приоритет, каде што ќе се потрудиме сите заедно да ја зголемиме активноста на она што значи наука. Значи научните работници да бидат максимално вклучени во она што значи развој на Република Македонија, во она што значи приближување до Европската унија и овие 15% аконтативни средства мислам дека токму во науката, сигурно со ваша контрола од Министерството за финансии би требало да се ослободат.

Токму поради тоа го предлагам овој амандман каде што ставовите 2 и 3 или комплетно целиот член да се избрише членот 8 и членот 78 да остане ваков каков што е. Предлогот е тој.

Се надевам дека колегите со кои заедно работевме на областа наука, култура, образование и спорт, дека ќе најдат сила да го изгласаме овој амандман и конечно нешто да помогнеме и да почне да се движи и во насока за подобрување на научната работа во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 17 гласале за амандманот, еден воздржано и 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 9, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Ѓорѓи Трендафилов и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** За оваа работа слушавме вчера долгочасовна расправа, Владата останува на решението во Законот и не го прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Министерот многу елегантно кажа дека вчера имаше расправа, дека таа расправа траеше околу час време и дека согласно тоа не сме биле доволно убедливи за да го убедиме да ни одговори на некои прашања кои се поставија во текот на тие дискусии кои се одвиваа во текот на вчерашниот ден. Затоа ќе морам уште еднаш да го повикам министерот да ни објасни на кој начин ќе се утврдува вредноста на имотот кој што треба да биде оданочен, во која постапка тоа ќе се врши, дали ова значи дека сите граѓани на Република Македонија имаат обврска во рок од 6 месеци да го пријват тој имот, дали Министерството преку Управата за јавни приходи е екипирано со комисии и проценители кои ќе одат во секое семејство во Република Македонија и ќе утврдуваат за вистинитоста на податоците кои што ги дало секое семејство во однос на имотната состојба на секој поединец, на тој начин ќе биде утврдувана и по која методологија вредноста на имотот, за тоа што треба пазарната вредност да биде во прашање. Потоа на кој начин Министерството за финансии планира да го утврдува имотот што е во странство, во странски банки, недвижниот имот кој што го поседуваат македонски државјани во странство. Потоа, како смета дека граѓаните ќе докажуваат, кои се начините за докажување на потеклото на имотот, односно кои се доказите кои што ќе мора да ги презентираат при утврдувањето на вредноста на имотот, затоа што ова значи дека тие треба да го чуваат сето она што претставува некаков вид плаќање персонален данок од доход во последните 10 години и сите други прашања кои беа изнесени во текот на вчерашниот ден, ние ги поставивме, а се уште не можеме да очекуваме, зборувам како парламент и како опозиција и како граѓани на Република Македонија не не удостои министерот ниту со одговор на овие прашања. Ако смета дека е исправно она што се предложи, тогаш нека објасни што смета дека ќе се постигне со тоа решение, дали тоа значи пололнење на Буџетот на Република Македонија, дали тоа ќе значи дека со одземањето на имотот на граѓаните на Република Македонија нема да се спроведе едена хаотична атмосфера во која навистина секој ќе биде загрозен од шпекулативноста која може да настане во поглед на имплементацијата на оние решенија што се предвидени со овој закон. Дали ова не остава еден широк простор за злоупотреба на ова право или овие права кои што се даваат со овој закон и овие овластувања кои се даваат на Управата за јавни приходи, односно на Министерството за финансии во контекст на селективна примена на овие одредби, во контекст на волонтаризам или голем дискреционен простор за утврдување на тоа кој се ќе биде третиран, ако можам така да се изразам, од страна на Управата за јавни приходи. Дали тоа значи дека до сега инцидентното утврдување на затајувањето на данок, кое постоеше од страна на Управата за јавни приходи и Министерството за финансии, сега ќе преставува инцидентно утврдување на потеклото на имотот на секој поединец во оваа држава и дали тоа нема да значи еден многу силен притисок врз секој граѓанин на Република Македонија после шест месеци, затоа што тој притисок може да се употреби во најразлични политички цели, во други цели кои се однесуваат на загрозување на основниот принцип, односно на принципот на почитување на законитоста и уставноста во Република Македонија.

Навистина не можам да разберам од каде произлегува процентот 70% одданочување. Доколку управата за јавни приходи утврди дека вредноста на имотот изнесува на пример 100 илјади евра, управата за јавни приходи на овој начин ќе му одземе од оној дел на имотот, за кој што лицето кој го поседува имотот од 100 илјади евра не поседува докази или не може да го докаже од најразлични причини, дали заради тоа што е стекнат преку носење на стоки од странство, Бугарија, Турција или не знам од каде или заради тоа што е стекнат со продажба на производи на пазари како што е пазарот во Шутка, потоа дали е стекнат на начин со кои не поседува материјални докази, а сведоците кои треба да го потврдат тоа се починати или не се во државата. Сите овие работи кои се оставаат како простор што треба да биде предмет на оценка на Упраааа за јавни приходи ќе значат можност за Управата за јавни приходи да одземе 70% од тој имот и на тој начин дефинитивно да покаже кој е власт, односно кој е сила, а не кој е оној кој треба да ги почитува основните човекови права и слободи.

Ова што го имаме сега, имајќи предвид дека не е утврдено ни која е постапката, пишува "посебна посебна", значи специјална постапка која не е утврдена во овој закон и за која веројатно има две можности: или Владата да ја утврди таа постапка или таа постапка да биде утврдена односно спроведена согласно одредбите на Законот за општоуправна постапка. Меѓутоа, и во едниот и во другиот случај Владата нема овластувања кои можат да значат утврдување на процедурите од кои произлегуваат товари, односно директно се задира во правата и слободите на луѓето кои се гарантирани со Уставот на Република Македонија и навистина се враќаме во еден систем за кој сметавме дека излеговме од него и дека ќе можеме да ја сметаме приватната сопственост како есенцијален дел на секое нормално демократско општество. Со ваков предлог кој што го доставува Министерството за финансии, со кој директно се задира во приватната сопственост на

граѓаните на Република Македонија дефинитивно влегуваме во еден период на бркање на вештерки, или период во кој може да се злоупотребува се она што ќе сака да биде злоупотребено од власта во Република Македонија. Јас немам сигурност, не сум убеден дека власта е толку демократски растроена и овој начин на утврдување на вредноста на имотот од каде што ќе следува наплата на 70% од вредноста на тој имот на име на персонален данок од доход дека ќе го прави на начин со толку широки дискрециони овластувања, на начин кој што ќе значи почитување на човековите права и слободи. Дополнително фактот што не е утврдена временската димензија, односно не е утврдено што се оние имоти кои се стекнати во меѓувреме во овие десет години. Значи зборуваме за имоти кои се стекнати преку трансфери од странство, преку пари кои ги добивале семејствата во Република Македонија од страна на нивни блиски кои се наоѓаат на работа во странство, а кои сега живееат и вложиле во имот кој се наоѓа во Република Македонија, а за чија сопственост немаат докази.

Тука пред се би ги повикал пратениците од ДУИ да ми објаснат како ова ќе се применува во Шипковица, како ќе се применува во другите делови каде што живее претежно албанско население, каде што знаеме дека семејниот пристап при остварувањето и создавањето на имотот е многу присутен, а од друга страна Владата на овој начин сака директно да се меша во поглед на тоа на кој начин и со кои докази е стекнат тој имот. Јас незнам како вие ќе им објасните на вашите гласачи албанци, кога ќе дојде човек од Управа за јавни приходи и кога ќе почне да испитува колку пари му испратил неговиот близок од странство и сето тоа после да биде предмет на докажување од страна на оној на кого се однесува решението за поведување постапка за утврдување на посебен персонален данок од доход. Сметам дека сите овие работи кои се овде искажани не треба да преставуваат само аргументи. Сметам дека сите ние како парламент треба да бидеме загрижени од она што си го дозволува Министерството за финансии во поглед на неговите дискрециони овластувања кои се ги дава со овие закони, а ние односно вие како парламентарно мнозинство беспоговорно ги притискате гласачките копчиња и на тој начин овозможувате да се случуваат работи кои после доведуваат до многу негативни оценки на Република Македонија како држава и за сите нас како граѓани на оваа држава. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Зоран Томиќ, повелете.

**Зоран Томиќ:** Сосема кратко за да дискусијата не добие еден сосема погрешен тек каде што колегата Блаже Стојаноски свесно ми се чини се обиде да ја насочи. Како прво, нека го погледа одговорот на Министерството за финансии на моето пратеничко прашање и нека ми одговори тој колку во неговата општина се собира данок. Во Тетово последните три години данокот е 87% и тоа го има пратеникот во писмена форма. Тоа една работа.

Втора работа: бидејќи колегата Блаже Стојановски е правник и ми се чини искусен и сосема солиден правник, треба да знае дека против решението на Управата за јавни приходи, во дадениот случај тој прашуваше која постапка, се разбира дека е управна постапка, има право на жалба до второстепената комисија при Владата на Република Македонија, по што следи тужба при Врховниот суд на Република Македонија. Значи, ако не ја знае постапката, а мислам дека треба да ја знае бидејќи, повторувам, е искусен правник, еве, сакав на кратко да му ја појаснам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контрареплика за пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Решение за поведување посебна постапка донесува директорот на Подрачната единица на Управата за јавн приходи, поставен врз основа на коалицискиот договор меѓу ЛДП СДСМ и ДУИ. Владата формира комисија, а Владата исто така е политичка и составена од овие три партии. Доколку и овие две истанци го одбијат барањето на засегнатото лице, тогаш оди на управен спор пред Врховниот суд на Република Македонија, кој што и покрај првостепена пресуда и второстепена пресуда во однос на отпуштањата од ЕСМ, донесува пресуда што е навистина исклучок и преставува директен политички притисок по мое мислење за донесување такви одлуки, со кои укинува и првостепена и второстепена пресуда и ги девалвира одлуките и на првостепениот и на Апелацискиот суд во однос на одредено прашање. Сите ние фактички констатираме дека судството ни е политизирано и за тоа пристапивме кон промени на Уставот на Република Македонија. Затоа јас немам гаранции, ниту било кој граѓанин на оваа држава нема гаранции дека нема ова да се злоупотреби дополнтелно и заради фактот што сето ова може да го следи некаква медиумска кампања која ќе значи девалвирање на. . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министер, расправата се водеше во текот на вчерашниот ден. За жал, вие не бевте присутни и очекував и покрај сите повици од нас дека денес ќе излезете и ќе објасните, како што многу пати до сега сте направиле и ќе објасните зошто и како со овој закон, со неколку членови од овој закон вие правите една нова концепција, рушите нешто што постоело, сакате да создадете нешто за кое што и самите не сте сигурни дека ќе функционира.

До вашето министерство многу поплаки и жалби за недовршена денационализација, а веќе со овој закон правите нешто ново, со кое што и во наредните 60 години можеме да се занимаваме сите, без разлика кој ќе биде на власт, затоа што, како што кажа господинот Стојаноски и како што сите ги гледаме овие работи, мислам дека нема да се работи за ништо друго, сем во првиот момент, за еден политички притисок врз секој што треба да биде извршен. На тој начин понатаму како ќе се одвиваат работите ќе покаже само времето.

Затоа мислев дека ќе излезете и ќе ни кажете, затоа што многу работи остануваат нејасни, многу работи изгледа не сте ги ни предвиделе и само со еден член, но тој член се состои од 5 потчленови, решавате една проблематика што може да засегне во сферата на приватноста, да ја руши приватната сопственост, што е загарантирана со Уставот на Република Македонија. Членот 25 и членот 30 на овој начин уште во старт се обидувате да ги рушите и токму поради тоа може овој закон, доколку Уставниот суд, сигурно ќе биде дадено на Уставниот суд, донесе одлука ова да не се применува, не знам што ќе се случи после тоа со она што е процесуирано со она што е сработено.

За да кажеме за што се работи, го имаме членот 9 што вие го предлагате сега, по членот 94 се додаваат нови членови 94-а, 94-б, 94-в, 94-г и 94-д, што ќе ги прочитам.

Членот 94-а "Кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените, односно имотот што го поседува и средствата со кои што располага потекнуваат од приходи на кои не е утврден данок или не е доволно утврден (значи имате каде не е утврден или не е доволно утврден, ова второто не го разбирам) органот за јавни приходи може да покрене посебна постапка за задолжување со данок на тој имот или приход". Тоа е ставот 1.

"Во постапката од став 1 на овој член, лицето е должно на органот за јавни приходи да му ги презентира доказите за изворите на средствата од кои е набавен имотот и средствата со кои располага лицето.

Постапката од став 1 на овој член може да се покрене, доколку со одредбите на овој закон не настанала застареност на правото за утврдување на данок".

И сега, во текот на вчерашниот ден додека не бевте тука, јас наведов два-три бизерни примери што ќе бидат составен дел на ова што вие ќе треба да го завршите, значи Министерството за финансии, Управата за јавни приходи.

Би почнал што со девизните заштеди на луѓето кои штеделе во штедилниците "ТАТ", "Лавци" и не знам каде, имаат побарувања од милионски вредности или имале 100 или 200 иљади. Ќе ве прашам дали вие, како Министерство или Управата за јавни приходи ќе покрене пријава за да тие луѓе ги докажат овие средства, потеклото на средството на парите и дали на ова вие ќе си дозволите да им дадете данок? Значи 70% на парите што еднаш веќе ги украдовте, сега ќе треба уште еднаш да има данок од 70%. Тоа е првата бизарност.

Што со луѓето кои што парите ги имаат во странските банки? Кој е вашиот механизам дека тоа ќе се утврди кој каде и колку пари има? Значи, сите овие луѓе кои вложиле во Република Македонија, сите кои работат и ги оставиле парите тука, едноставно ги носите во една непријатна положба, да повторно, уште еднаш или по не знам кој пат се проверува она што треба да биде проверено. Да имаме некоја нулта точка, некој репер од кој што сите граѓани во Република Македонија ќе стартуваат и ќе кажат ова е моето, после тоа се што се прави треба да се докаже кој од каде, зошто и како.

Третиот, уште побизарен пример, луѓето кои добиваат социјална помош претходните 10-12 години во меѓувреме многу од нив работеле затоа што требале да живеат, тргувале, носеле стоки од Бугарија, од Грција, ги продавале на разно-разни пазари и сега некој од нив се стекнал со имот што утре не ќе може никој да го докаже дека е имот што е заработен со средства од социјалната заштита и ќе треба да плати 70%.

Говорам за бизарни примери што се составен дел и што вие во Република Македонија апсолутно не можете да ги делите. Ако веќе саката да утврдувате потекло на имотот, јас ова поинаку не можам да го видам.

Тука ќе имате голем проблем. Тоа е првиот проблем за кој што апсолутно мислам дека немате решение. Затоа што само на еден-два случаеви се покажува дека многу тешко оди, дека тешко ќе се решат сите тие работи. А, да се процесуира се, ниту ви како Министерство за финансии, ниту пак Управата за јавни приходи ја имаат таа можност, го имаат тој капацитет и човечки и по однос на бројот на луѓето кои работат таму за да може сето ова да се ефектуира.

Вие пријавите, во однос на она што значи оданочување, имот, едоставно треба да се проверат. За да се проверат во Македонија има 500.000 семејства, претпоставувам дека се толку на 2.000.000 граѓани и сега после случувањата што беа во текот на годините наназад, каде што нашите граѓани од странство ги испраќаа своите пари во нашите банки, каде што гарант беше државата, тогаш Социјалистичка Федеративна Република Југославија, после тоа Република Македонија, се случи тоа што се случи и вие и денеска плаќате за она што значеше прва девизна заштеда. Кога луѓето во тие банки, за кои што гарантираше државата, останаа без сопствените средства. После тоа се случи штедилници, се случи ТАТ со 140.000.000 се случи Лавци и сите тие случувања веќе после 1997 година, незнам кој повеќе ги врши тие трансакции преку банка, затоа што мораме да

признаеме сите, човек кој се изгорел од млекото ќе дува и на јогуртот.

Токму затоа мислам дека и во текот на вчерашната расправа кажав дека голем дел од граѓаните во Западна Македонија и во југозападниот дел кои се наоѓаат на работа во странство, на времена, како што велиме ние, претходните 30-40 години, ќе останат таму на времена работа, своите средства до своите фамилии ги носат како што ги носат и ги оставаат така како што ги оставаат. Сега тука ќе се јави еден голем проблем што, кој, како од вас ќе може да докаже кои пари се донесени, од каде се донесени или амблок тргнувајќи од почетоко на Тетово, завршувајќи до Битола, се што е направено со тие средства што доаѓаат од странство, ќе бидат оданочени со 70%, затоа што за голем дел од нив не постои доказ од каде се парите. Ако е тоа целта, државата ќе има многу пари за кратко време, така што буџетот не мора толку да се грижи за овие научни работи и за амандманите што претходно ги одбивте. Ќе се наполни комплет.

За постапката, господинот Томиќ кажа дека постапката е таа. Но вие, веќе во членот 94-б кажувате "Решението за покренување на посебна постапка го поднесува органот за јавни приходи на чие подарачје лицето има живеалиште".

И, ставот 2: "Против решението од става  1 на овој член може да се изјави жалба до Министерството за финансии".

Сега, за политичката категорија на сето ова не сакам да говорам. Сакам да говорам за она што значи живеалиште на лица кои се на едно подрачје од органот за јавните приходи. Колку тие и во моментот може да функционираат за она што е нивна работа, сега, гледаме по тоа колку време им треба на граѓаните да добијат едни обични дозволи и она што треба да го извршат. Тоа не се прави. За жал, на овој начин им се дава и толку голема работа од која што апсолутно никој не ќе може да излезе.

Членот 94-в - "Ако во постапката се утврди дека имотот, односно средствата се стекнати од неоданочени и нецелосно оданочени приходи, органот за јавни приходи донесува решение за утврдување на данок". Повторно органот е тој кој ќе треба да пресмета, колку, како. За тоа треба да ангажирате, за проценка, денеска ви се потребни вештаци за било која состојба, каде што треба да цените една куќа, да не говорам за она што е внатре, колку е вложено, како е вложено, што е доправано, поправано, како сето тоа ќе се утврди, колку средства се вложени во тоа. Не знам дали постои некој постапка или тоа ќе биде куќата е таа година, толку квадрати и ќе се дефинира, бидејќи тоа никаде не го нагласувате и не кажувате. Затоа што и самите знаете како голем дел од тие куќи се градени.

"Ако во постапката се утврди дека имотот, односно средствата се стекнати од неоданочени или целосно неоданочени приходи, органот за јавни приходи донесува решение за утврдување на данок.

Основата за пресметување на данокот претставува разликата помеѓу вредноста на имото и докажаната висина на средствата за нејзино стекнување".

И сега, претходнот член, за ова што го кажав дека многу тешко ќе можете да утврдите што колку и како, сега вие ќе треба да најдите колкава е разликата и на таа разлика да се плаќаат тие средства. Јас не знам, но сепак мислам дека за една ваква ситуација како и да сакаме да ја крстиме, дали е нова национализација или не знам како подобро би ја крстиле, но во секој случај јас мислам дека треба да се донесе еден комплетно нов закон да се прашаат сите експерти во оваа држава што и како можеме да постигнеме или да не постигнеме, затоа што ова што ќе го направите, можеби и сто експерти после вас не ќе може да го исправат.

Ако е тоа целта и ако е целта наредните парламентарни избори, треба да кажете дека овој закон ќе важи до септември 2006 ггодина и тука ќе заврши приказната. Кој ќе биде извалкан и нашлакан со бои, со не знам што уште не, тој ќе може после тоа да докаже дека не е виновен, како што и голем дел од вас докажуваа тука дека имаат 6-10 кривични пријави, па по сите останале неказнети, значи на многу луѓе ќе треба да им се извиниме тогаш, но еднаш направента штета повеќе никој не може да ја врати. Ако е целта овие луѓе кои се тука, кажав и вчера, луѓето од преходната Влада, луѓето кои се јавни службеници, сите тие имаат поднесено такви приходи и даночни листи. Она што тие го земаат, она што го имаат како имотни листи и едноставно тоа можете да го процесуирате. Тука апсолутно нема никаков проблем.

Но, има проблем, кога ова ќе се сведе на сите граѓани на Република Македонија, на секое семејство и во тоа семејство, бидејќи се бараат имотни листови на синови, сопруги и не знам уште кој треба таму да дополнува  и пополнува, вие ќе направите еден хаос и сите тука ќе се претвориме во онаа, добро позната пиеса "Балкански шпиун" кога брат со брат ќе траба да гледаме кој што прави, како прави и да го пријавиме да може да докаже или да не докаже дали ги има или ги нема парите. Дури тогаш ќе се случи тоа што никој не го посакува.

Затоа, ова е директен атак на сите граѓани на Република Македонија, независно од нивната политичка припадност, на позицијата или опозицијата, нерегуларност на постапката за утврдување на вредноста на имотот, што би доволо до враќање на барањата за утврдување на потеклото на имотот, за што мислевме дека заврши, почна некаде 1945 година со национализација, 70-тите години потекло на имотот, па после акцијата "Имаш куќа врати стан", што гледам многу станови се направија, но останаа таму кај тој што ги собра и повеќе никаде и ова ми лични многу на таква ситуација, но, за

жал, во едно поминато време. Мислам дека е многу погрешно, вие како минстер и оваа Влада да се враќа назад.

Јас кажав, постапка за утврдување треба да направите и комплетно нов закон, со еден член, мислам дека во многу закони така поминува и после тоа се јавуваат проблемите. Тоа е и со приватизацијата на ЕСМ, со еден член, членот 7 и сега со еден член се направија илјада и еден член и сега не знаеме на каде тераме и тука е проблемот. Ова ќе биде истото, ќе направиме истото да 60 години од 1945 година до 2005 година некој работи на национализации и на денационализации и сега дали ќе се случи и наредните 40 години некој да се занимава со ова што вие денеска го предлагате, можеби еве ќе го изгласате, но што после тоа, никој не се прашува.

За жал, господа, тоа многу брзо може да засегне многу од вас, така што после тоа и некој да размислува зошто - како и кога го донел законот и за кого го носи. Затоа треба да размислите добро, предлогот е да се повлече овој закон или овој амандман да се прифати со тоа што Владата ќе изготви, во една јавна расправа, каде што ќе ги слушнеме експертите и луѓето кои се занимаваат со оваа област, да видиме како е и како се движиме кон Европската унија и да направиме еден нов закон кој за граѓаните на Република Македонија ќе биде целосно прифатлив.

Ова, за мене, апсолутно е неприфатливо, ниту гледам причина да се брза, затоа што 4 години или 3,5 години апсолутно не помисливте на ова. Го помисливте сега, пред Нова година, како новогодишна честитка. Денеска е веќе 28-ми, граѓаните додека се свестат, веќе на 7-ми ќе го имаат овој закон и можеби на 10-ти некој да биде и процесуиран.

Затоа, уште еднаш ве повикувам господине министре, јавно да го повлечете или да го прифатите овој амандман, и врз основа на јавна расправа сето ова да дојде до граѓаните, да го искажат и тие своето мислење. Во однос на она што говоревме во текот на вчерашниот ден, мислам дека многу малку или ништо не слушнавте. Затоа очекуваме како пратениците да дадете овбјаснување. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Шајноски Драго.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе,

Вака, како што е формулиран, овој закон може да се нарече Закон за дисциплинирање на граѓаните на Република Македонија, без разлика дали се опозиција или позиција.

За фирмите е јасно и чисто. Фирмите имаат документација за своето работење, контролирано од органите на државата, барем еднаш годишно, па според тоа не може да има произволности и субјективности при контролата и проверките за платениот данок и имото што го поседуваат.

Но, кога станува збор за граѓаните и барањето од нив да го оправда својот имот, ситуацијата е многу комплицирана. Не може едновремено да се изведе, а да биде праведна.

Учество во имотот на еден граѓанин денеска најчесто имаат повеќе поколенија. Да не одиме далеку. Последниве 50 години имаше времиња со огромни инфлации, времиња кога парите се чуваа под перница и не беа регистрирани во банките, а обврска да се пријават немаше. Немаше закон за тоа. Градењето беше најчесто фамилијарна или ударничка работа. Како тој човек сега ќе покаже дека куќата што денеска некој ја проценува дека не го чинела толку, смешно е да се носи закон што ќе бара да се докажува нешто што претходно не било со обврска, а и тогаш имало органи кои ги казнувале сите кои ќе направат кривични дела.

Сега, со овој закон испаѓа дека некој денес одговара и плаќа затоа што во турско време прадедому на нелегален начин дошол до пари што тој ги наследувал од колено на колено.

Од овие причини сметам дека граѓаните, да се и докторри на наука по економија не ќе можат со прецизност да докажат од кои извори им потекнува имотот. Затоа сметам дека овој закон е со дневно политики цели. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Сакам и јас да го изнесам моето мислење по овој амандман.

Почитуван министре, дами и господо, колеги пратеници,

Јас имав неколку амандмани поднесено што министерот, еве еден од нив прифати по однос на овој закон и што моите амандмани не се од суштински карактер, но овој амандман за кој што сега расправаме, сметам дека е амандман од суштински карактер и амандман за кој што, фактички, вчера во текот на вчерашниот ден најмногу се дискутираше кога се расправаше по Предлогот за донесување на законот.

Не сакајќи да навлезам во причините поради кои што се поднесува овој амандман, ниту имав таква намера, но сметам дека прифаќањето на амандманот и изгласувањето на амандманот автоматски значи и повлекување на законот. Сметам дека тоа не е добро од следниве причини:

Во изминатиот транзиционен период во Република Македонија се покажа дека главните причини за корумптивност, за корупција во Република Македонија треба да се бараат во големиот оптек на плаќања во кеш, што велиме ние, или во готовина во Република Македонија. Односно во големиот начин на плаќање, што би рекле на црно и голем број од стопански активности и работи кои се одвивале надвор од финансиските токови контролирани од страна на државата.

Како резултат на тоа имаме, иако некои од колегите го кажуваа во поинаква смисла, но денес во Република Македонија имаме поединци, нагласувам поединци прогласени за технолошки вишок во фирми, а од друга страна имаат огромни имоти. За да не бидам погрешно разбран, нагласувам поединци или поедини стечајци, тие

се во минимали, но кои располагаат со огромни имоти. Ова како теза на она што некои од колегите го зборуваа. Што ни зборува тоа? Ни зборува дека се работи на црно.

Второ, имаме политичари, наши колеги пратеници, министри, носители на високи функции кои во овој транзиционен период работеле исклучиво професионално и земале професионално плата од администрацијата од државата. Знаеме колкава е таа плата. Денеска располагаат со огромни имоти. Имаме бизнисмени кои пријавиле дека во текот на овој транзиционен период заработуваат само една плата. Денеска ќе се соочиме со ситуација да располагаат со огромни имоти. Ова го наведувам само како примери дека во државата имаме стекнување на имот надвор од финансиските токови, надвор од системот на оданочување. Тоа не е само во Република Македонија случајот кој се предлага со овој закон, тоа е секаде во светот. Имот кој не бил оданочен државата мора да го оддаделочи. Наједноставниот начин за борба против корупцијата во овој момент е одданочување на сиот непријавен, неоданочен имот. Зошто сега ние се плашиме овде како пратеници тоа да го подржиме. Се согласувам дека можеме да расправаме за подобрување на постапката да не бидат оцрнети поединци, луѓе кои на чесен начин си го заработиле имотот со своја работа. Тука се согласувам, но ние не смееме, барем не ние овде пратениците да бидеме пречка за ова. Секој кој го стекнал својот имот на чесен начин, на начин кој е одданочен, своите пари ги има оданочено, платен е данок на оваа држава, не треба воопшто да се плаши за спроведување на законот. Никој не може некого да му наштети или да го злоупотреби законот, си има судска постапка. Затоа не ги гледам причините, туку напротив, гледам дека од тука треба да тргне баш од нас, од Парламентот да кажеме дека секој неоданочен имот, посебно на луѓе кои биле на високи функции и е стекнат на коруптивен начин, се знае колку е платата на еден пратеник, се знае колку е платата на еден министер, се знае колку е платата на еден службеник во подрачна единица, па да видиме како еден службеник во подрачна единица од Министерстовото за транспорт и врски кој кука нон-стоп дека зема плата од 15 илјади денари стекнал куќа која денеска можеби вреди 300,400,500 илјади евра. Зошто се плашиме од една таква постапка. Јас мислам дека не треба да пласираме тези дека законот е насочен кон одредена група на граѓани кои се од ваква или онаква провиниенција. Да, насочен е законот кон одредена група на граѓани, но одредена група на граѓани кои стекнале имот, а не платиле соодветен данок односно нивните пари не биле евидентирани во нормалните финансиски токови.

Затоа сметам дека, иако можеби ќе се дојде до ситуација некои поединци можеби го злоупотребат законот, но затоа се санкции за оној што ги злоупотребува законите. Не сакам во тоа да навлегувам. Напротив, ние како пратеници треба да им дадеме силна подршка на закони кои имаат за цел да се борат против оние кои на нечесен начин стекнувале имот во Република Македонија.

Оттука ќе покажеме и онаа Декларација која ја донесовме, за борба против корупцијата која, за жал, воопшто не е спроведена онака како што Декларацијата беше донесена во овој Парламент, но во друга прилика за тоа. Оттука ќе ја покажеме нашата силно изразена волја дека како пратеници сме подготвени да се соочиме со тој проблем кој го имаме. Тогаш ќе видиме дека воопшто тука не се спомнува дека е можно да се изврши национализација. Јас воопшто не сметам така. Напротив, оној што не платил данок на стекнат приход сега ќе си го плати. Оној што не си поднел пријава, сега ќе си го плати. Тоа е нормално во било која развиена демократија. Кај нас можеби се доцни, овој закон да беше донесен пред 10-на години ќе беше сосема поинаку.

Јас го подржувам тоа дека македонскиот граѓанин, за разлика од други држави, можеби законски или незаконски, но македонскиот граѓанин со својата работа е способен да направи повеќе од она што го стекнува како приход. Македонскиот граѓанин е способен сам да ѕида куќа и да малтерисува, што тешко ќе го видите во некоја развиена земја. Тоа не е проблем. Немојте сега под плаштот на тоа да се криеме дека со овој закон ќе бидат загрозени оние кои се мачеле 10-15 години и изградиле куќа, сега ќе им се проценува вредноста. Не. Со овој закон треба да бидат засегнати оние што не работеле во оние 10-15 години, а имаат имот вреден милиони евра. Треба да биде насочен кон тие, а се друго ќе биде промашено.

Затоа сметам дека овој амандман не треба да се поддржи, треба да се повлече амандманот, да го изгласаме законот, а се согласувам дека заеднички треба да направиме напори постапките кои, согласно овој закон, во Министерството треба да се носат тие да не овозможат злоупотреба на законот. Ви благодарам.

Господине Мавровски за реплика? Госпоѓо Којзеклиска?

Три минути реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Јас како претставник на предлагачите ќе се обидам со реплика, евентуално ако не стигнам, ќе дискутирам.

Господине Најдовски јас, во однос на она што го кажувате, ова е токму почеток на борбата против криминалот. Вие кажавте дека Парламентот донесе Декларација за борба против корупцијата, во меѓувреме формиравме Агенција за перење на пари, формиравме Антикорупциска комисија и сега јас ќе прашам кои се резултатите од тие формирања во последните три години. Некоја пријава, фала Богу, до сега немаме видено.

За ова што говорите организиран криминал, јас мислам дека во Република Македонија постои Јавно обвинителство, постои Министерство за внатрешни работи и постојат судови. Тука нема

да има никаков проблем за секој оној кој го стекнал своето богатство на криминален начин ќе одговара пред оние пред кои треба да одговара.

Со овој закон, вие самите дотакнавте многу работи кои апсолутно се вистинити, кажувате дека многу од луѓето работат на црно, социјалци и незнам што, но сите тие бараат работа. Во Република Македонија имаме 400 илјади невработени и тие треба да преживеат. Ако одите да барате струја од нив зошто некој имал или немал струјомер, па му ја исклучите социјалата од што мислите дека ќе живеат тие луѓе. Апсолутно од ништо. Кажувате и самите дека некој сам ги градел своите куќи. Тоа се случува во 40-50% и сега не знам дали вие планирате дека тие луѓе нема да бидат евидентирани или нивниот имот нема да се мери според она што е правено. Ако тоа го исклучиме, тогаш се е во ред. Јас кажав дека за сите нас постојат имотни пријави и за секој од нас може да се провери кој што и како имал. Но, мене ме чуди нешто друго. Како никој од нас не прашува и не се запрашува, добро кажавте, и јас бев за тоа, пред 10, а можеби и 15 години да се донесеше овој закон, тогаш немаше да има менаџерски тимови кои ќе ги земат фабриките за 100-200 илјади марки и денеска ќе можат да вложуваат инвестиции од 7,10 милиони евра и никој од нас да не праша од каде му се парите, од каде ги има, пред тоа и тој земал директорска плата. Немал апсолутно ништо повеќе од останатите социјални случаи што се сега или работниците кои работеле во тие фирми. За нив е толку нормално 2,5 милиони евра во два дена да ги извади некој и да ги плати и никој да не го праша од каде му се парите. Другиот дава инвестиција 10-15 милиони евра, повторно никој не го прашува од каде му се парите и сега ние говориме тука дека кај некој ќе виделе дали куќата имала два ката или еден или бил по 50 илјади евра. Мислам дека апсолутно ги носиме сите граѓани во иста позиција да докажуваат, значи ние ги обвинуваме и тоа е основната цел која ја поставувам тука повлекување на амандманот да го разгледаме и се согласувам со вас да најдеме комплетен закон ова да го утврдиме како што треба да биде. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господиние Мавровски.

Три минути реплика за пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, јас и вчера говорев на оваа тема по општиот претрес по Предлогот за изменување и дополнување на законот за персонален данок од доход, меѓутоа, и јас сум за тоа законско решение, значи законски да се уреди оваа материја на соодветен начин.

Но, со овој член како што е предложен од страна на Владата, а ние имаме амандман со кој бараме овој член да се брише, се работи за посебна постапка. Значи, со посебна постапка треба да се утврди имотот и средствата на неоданочените приходи. Проблем е, почитуван потпретседателе, постапката. Вчера реков во члено 94-б се вели дека решение за покренување на посебна постапка донесува органот - Управата за јавни приходи на чие подрачје има живеалиште и вториот став е против решението може да се изјави жалба до Министерството за финансии.

Ако е посебна постапка мора да се знае врз основа на кои докази ќе биде заснована таа постапка што ќе биде употребено како документ, веродостојна исправа за да се види дали тоа лице има имот кој е неоданочен, дали тоа лице поседува средства.

Вака како што е предложен членот 9 од Владата, целта, според мене е, само да се соберат парите. Јас апсолутно се согласувам со вас дека ваков текст на овој закон да имаше пред 10-15 години немаше да дојдеме до ова дереџе до кое сме сега. За тоа зборуваше и колегата Мавровски. Ние имаме јаки бизнисмени кои од дома извадат 2 милиони евра и отидат да си го платат долгот кој го имаат кон Министерствот за финансии односно Управата за јавни приходи. Се расправавме со министерот дали треба да се префрлат од оваа ставка во Буџетот во онаа ставка во Буџетот толку пари. Точно е, апсолутно во подржувам дека требаше овој закон да се донесе пред 10-на години немаше да бидеме во оваа состојба во која сме сега.

Според мене не е во ред постапката како што е предвидена. Јас не слушнав од министерот за финансии која е целта на овој закон иако со наредната одредба се вели дека на лицата во рок од 6 месеци врз основа на кои се утврди и кои сами почувствуваат потреба дека целиот имот треба да се оддаnочи, им се дава живот 6 месеци дајте пријавете што имате за пријавување да се соберат пари во Буџетот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине Најдовски, по вашето излагање се прашувам дали има министер кој ќе му објасни на овој Парламент кои се целите кои треба да се постигнат со овие законски решенија. За што гласаме или за што треба да гласаме.

Образложението кое ни го дава во законот се состои од цитирање на членовите како што се во законот. Нема никакво објаснување. Нека ни каже во кои други европски или неевропски државо се применила ваква мерка, па да знаеме какви искуства имаат тие земји од оваа мерка. Зборувам за земји кои претендираат демократија, не на земји каде се извршила некаква национализација и каде што имаме некаква тоталитарност на режимите каде одземањето на имотот претставува вообичаена работа.

Понатаму, зошто членот 30 од Уставот не се зема во предвид никаде. Факт е дека државата има уставна обврска која го гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Ако е гарантирано правото на сопственост, со кое право орган на извршната власт ќе може да му одзема

имот на било кое лице во Република Македонија без при тоа да постои судска одлука. Се поставуаат од наопаку работите. Наместо со судска одлука Владата или извршната власт да докаже дека некој затајувал данок и врз основа на таква одлука да му одземе имот се менуваат тезите.

Прво, се упатува на лицето тоа да докажува од каде му е имотот, потоа Управата за јавни приходи го тера да оди на суд одкако евентуално ќе му изрече дека треба да му се одземе 70 % имотот, да оди повторно на суд и таму да докажува дека не требало да му се одземе 70% од неговиот имот, што е навистина нешто што е директна спротивност со Уставот и со членот 30 каде се гарантира правото на сопственост.

Понатаму, она што го велите, а го имаме тука како искуство, тоа е за потеклото на парите за приватизација на одредени фирми.

Имаме фирми во Република Македонија каде имаше поединци кои излегоа на тендери, платија по милиони евра без при тоа никој да поведе сметка од каде се парите на тие лица.

Значи, ако зборуваме неселективно, тогаш да правиме неселективност спрема сите подеднакво. На тој начин да ги поставиме основите за битката и против корупција и против криминал во контекст на функционирање на институции на системот.

Меѓутоа, вака како што се предлага дефинитивно се остава огромен простор за селективна примена и за она што се случуваше на пример со Блажо Тасев од Словенија, дојде, уплати 300 илјади евра, 30 години работел во Словенија, го купи САСА, Владата рече дека парите имале сомнително потекло и потоа ...

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Аднан Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, сум го прочитал законот господине министре, сакам да дадам подршка на овој амандман и мислев дека вие ќе дадете поддршка на овој амандман, бидејќи е очигледно дека овој амандман е добар, а вие сте го предложиле членот 94 кој е многу селективен и дава многу простор за манипулации.

Ќе се обидам на многу пластичен начин да кажам што вие зачнавте некои работи во однос на транзициониот период во Република Македонија.

Мислам дека оној период после 90-те години кога едноставно оној колач кој се вика општествен се делеше уздуж и попреко на сите и тоа на определени олигархии и одредени групации земаа фирми и фирмички за многу мали пари, едноставно тоа не се гледаше, можеби сте во право, требаше тогаш да се донесе овој закон, но тогаш вашата групација беше на власт и можеше да го донесе тој закон. Но, друг пат ќе зборуваме за таа работа. Не велам за тебе, туку за групацијата.

Сакам да кажам дека и сега постојат законски прописи во Република Македонија кои можат да покренат постапка за утврдување на потеклото на имотот. Никој не им забранува. Да се покренеше до сега, макар еднаш, два пати, ќе имаше ефект, ќе имаше основа ова што вие го предлагате, но до сега такво нешто не е предложено, до сега тие закони не важеле или некои не сакале да ги применат и сега одеднаш даваме еден закон кој може да биде селективно применет или да каже аха, овде може да се примени, овде не може.

Сакам да кажам дека не е само оваа претпоставка да има финансиска и економска дисциплина во Република Македонија, да има дисциплина, да имаат сигурност граѓаните во овој систем, во штедниот, во системот на банките, во системот дека може да прикаже тоа што има. Вие една работа заборавате, дека некои луѓе имаат потекло, не се дојдени од планина , како што има и некои од село дојдени одеднаш станаа милијардери. Или има луѓе кои што биле референти за хортикултура, или возачи, одеднаш имаат по сто камиони. Тоа никому ништо, тоа не е мотив за јавниот обвинител сега да покрене постапка, не е мотив да праша како тој човек на кој што ќе го видиш неговото стебло наназад, од каде му се парите. И тоа не е важно, нели? До сега не било важно иако можело и требало Законот да реагира на соодветен начин, ама тоа не е направено. И сега едноставно, јас велам зошто ? Можеби јас имам пари од татко ми, од дедо ми, ги чувам парите, не ги давам во банките, затоа што банките немаат сигурност. Сите сме ние сведоци на ТАТ -банка, на другите системи кои пропаднаа, па пропаднаа во бивша Југославија, не само овој ситем, пропаднаа парите на многу луѓе. Имаат ли сигурност овие граѓани во банкарскиот систем во Република Македонија? Можеби полека, полека се стекнува, но досега дали имаат сигурност. Ние во анализите покажавме и вие покажавте дека над 2 милијарди евра, а можеби и повеќе седат, стојат, или лежат во домовите на луѓето парите. Па тие пари некој ги заработил, можеби и на нечесен начин, ама тоа треба да го докажете, не можете пост фестум да кажете дека тие ќареле, или работеле на црно, иако ние како држава можеби сме го поспешувале тоа криминално работење. Не сме им овозможувале вработување,не сме им овозможувале добар економски преспоритет и тие работеле на соодветен начин во Македонија и надвор од Македонија, штеделе пари, вложувале некаде на регуларен, или нерегурален начин и едноставно си имаат средства, граделе и правеле што правеле. Јас едноставно би прифатил ваков закон, ако досега имаше една покрената постапка од обвинителот, затоа што со одреден законски пропис си дозволуваат да се провери како определен човек има една, две, пет бензиски пумпи, како може да има тоа и тоа , како може да има толку и толку фирми кои до вчера биле референти во Железара, главни инжинери во Железара што ги знам , или референти по незнам што во Технометал итн. Вие тоа не се прашувате.

Тоа легално е стекнато? Не знам, тоа треба законот да го каже. Јас вака го толкувам тоа. Ако досега тоа не е покренато, значи тие легално тоа го направиле. И што треба сега? Од денеска да можеме да го правиме тоа. Па кој ми гарантира дека утре еден од нас нема да биде на тапет, затоа што ќе направи куќа, или во ситуација каде што после една година во Македонија ќе се подобри економската ситуација и јас едноставно моите пари што ги имам ќе почнам да ги вложувам и ќе рече: од каде ти се парите? И ќе има можност да има и политичка и економска реепресија врз тој човек. Тоа се прави со овој закон. Има многу поелегантни решенија да се види потеклото на имотот. Можеби тоа е направено на запад, ама на запад се прави кога ќе се создадат сите предуслови, стабилен банкарски систем, стабилна држава, стабилна еконојмија, економија во раст и да се следи човекот, или детето кое прв пат се вработува. И ако тоа се прави, во тој случај можеме да кажеме дека потекло на имот на кој начин тоа се остварува. Од тоа досега ништо не е направено и ние сакаме одеднаш да направиме рез во овој дел, иако не е направен рез во економскиот дел, да се направат даноците компатибилни со другите земји, можеби да имаме и пониски даноци во однос на другите земји за да привлечеме економски интерес. И сега одеднаш се прави на овој начин можеби во даден момент е и правилен, но мислам дека овој момент е неправилен.

Јас ќе го прифатам овој амандман, да издадеме се заедно, а ќе ја прифатам и сугестијата дека треба да се направи еден закон каде што ќе се види потекло на имотот и можноста врз законски основи да се направи анализа, да се види кој, што и како. Но, овој закон прави селективен пристап и можност за манипулација во однос на ова. Ние сме сведоци, формиравме Антикорупциска комисија за борба против корупцијата. Јас досега не видов, да видиме некој елемент од тоа, некоја корист од тоа. Три години работи, значи на товар на даночните обврзници, а тоа се граѓаните и апсолутно ни еден не е ставен на тапет, да се види дека овој ја купил таа фирма, или тоа со тие пари, да видиме на кој начин се стекнати тие пари, дали тие пари се од коруптивни дејства, дали тие пари се од валкани канали, пари од дрога, пари од трговија со жени. Ние сме посочени како центар за трговија на дрога и за тргување со жени, посочени од сите можни институции, а на никој не му текнало , особено на обвинителството и на Антикорупциската комисија дека е можно некои пари да потекнуваат од тоа. И тоа е ништо, не важи? Тие препораки што милуваме да кажеме дека од ЕУ, од Светската банка се добро дојдени за нас, ама пред тие препораки очигледно ги затвораме очите. Мораше и моравме како држава да реагираме на соодветен начин. Мислам дека имаме закон, имаме систем каде што можат да се гонат луѓето кои се под сомнение дека правеле инкриминирани дејствија во однос на економијата, во однос на финансиите. И ако досега тоа не е направено, мислам дека овој закон нема основа , а има основа во сферата дека можни се злоупотреби во политички цели. Затоа мислам дека овој закон во суштина е добар, но недоработен, мислам дека треба да се доработи во сите области за да нема негативно користење на законските импликации. Мислам дека прифаќањето на овој амандман само ќе допринесе во иднина да направиме многу подобар закон каде што едноставно ќе можеме системски да ги решиме проблемите, ама да ги ставиме сите, апсолутно сите граѓани под ист кош. На овој начин едноставно даваме можност да се манипулира со финансиските средства на определени граѓани. За да видиме ние дека има над 50% економија на црно во Република Македонија не треба да бидеме паметни. Појдете на Бит Пазар и секаде да видите што се се продава на пазарите. Ама од друга страна ќе кажете, дали се тие во право? Па некои се во право затоа што останале без работа, останале без егзистенција, останале без можност за заработка и не сме им овозможиле економски просперитет на некои фамилии, на некои луѓе, па тие се снаоѓаат како што знаат и умеат. Оној момент кога државата ќе им овозможи на сите граѓани подеднакво да можат да стартуваат како граѓани и да имаат економски просперитет подеднакво колку што можат и умеат и на тој начин да бидат еднакви граѓаните во Република Македонија, да не бидат селектирани во однос на групации, во однос на нација, во однос на партија, во тој случај ние имаме право и обврска да го направиме овој закон. Сеуште во Македонија не сме дошле до тоа дереџе да направиме ваков закон. Сеуште имаме критериуми, врз основа на партиски критерим, партиска припадност, ние сеуште имаме критериум на некоја друга олигархија , сеуште имаме критериум, за мене повеќе, за тебе помалку, сеуште имаме критериум на роднински врски за вработување итн. Додека ги имаме тие критериуми, ќе имаме и работење на црно, сакал, нејќел. Тоа е еден долг процес кој во Македонија егзистира и апсолутно не можеме со вакви палиативни решенија и палиативни закони да донесеме се во ред, затоа што сите ние сме дел од тоа и сите ние имаме допринос во негативните влијанија во финансиската сфера.

На крај пак ќе повторам дека овој закон не е добро анализиран до крај, не е добро решен, иако во суштина е добар закон, треба да се подржи како закон, но решенијата кои се нудат не се добро осмислени.

Затоа јас ќе го подржам овој амандман и барам вие да го подржите , а во иднина заеднички да направиме уште подобар закон каде што исти граѓани ќе бидат исто третирани во однос на финансиските трансакции и ќе нема селективен пристап кон инкриминирање на определени граѓани, или определени групации.

**Слободан Најдовски:** За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас би го повикал министерот, затоа што и на мојот колега Аднан Ќахил некои работи и покрај тоа што сака да го подржи законот, не се јасни. Ние цело време очекуваме министерот да даде објаснување и мислам дека е должен за една ваква национализација токму министерот Поповски да објасни што и како со овој закон, затоа што токму ова е клучниот член и министерот не го слушнавме. Засега јас ќе го повикам уште еднаш од името на предлагачите да објасни за што всушност се работи.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Иако дискусијата на колегата Аднан Ќахил ја сватив како добронамерна и во позитивна смисла, сепак мора да кажеме две работи за да не останат недоречени. Имено, како прво, јас не знам зошто од повеќе колеги тука се бркаат некои термини. Се спомнуваат дури и тешки термини како национализација, или не знам што друго беше кажано, а се заборава да се каже дека токму амандманот на кој се однесува и членот на кој е поднесен самиот амандман, се однесува за утврдување на данок и тоа на два основа, значи на приходи на кои не е утврден данок или не е доволно утврден и е предвидена посебна постапка за тоа. И што е тука страшно? Самиот колега Аднан Ќахил даде голема подршка во борбата против криминалот, против корупцијата. Сметам дека членот на кој е поднесен амандманот се однесува токму во тој правец. Тоа е една работа.

Втора работа, мора да кажеме каде ни се нашите органи. Нашитер органи работат можеби не доволно, можеби не се добро опремени итн. Меѓутоа, немојте и она што е позитивно и добро да го негираме. Република Македонија предничи во бројот на правосилните пресуди по перењето на пари. Колега Мавровски, се извинувам, само една упадица. Дирекцијата се вика Дирекција за спречување на перење на пари, а не за перење на пари. Значи колега Ќахил, ве молам она што е позитивно, дајте да ја подржиме Владата. И она што го кажавте на крај навистина ми се допадна. Меѓутоа дајте да зборуваме со јазикот на аргументите. Токму затоа мислам поради она што го кажавте вие треба први активно да го поддржите овој закон.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Аднан Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Се работи за ситуација што јас во целина законот го прифаќам. Сега зборувам за делот од амандманот кој што може да се искористи во негативни дејанија. Имајќи го предвид искуството она што се случуваше порано, немам зошто да не верувам дека и денеска ќе се случи, или утре ќе се случи истата работа. Она што вие рековте дека нашите органи работат. Јас не викам дека не работат, ама мислам дека недоволно работат и ефектите од таа работа не ги гледаме ние. Можете да проверите и можеме да провериме заедно ако сакате, ќе видите дека немаме никакви ефекти од таа работа. Кога мислам на ефекти, видливи ефекти кои ќе влијаат на економијата на Република Македонија. Кога ќе имаме такви ефекти, тогаш ќе речеме дека нашите органи работат. Се додека не ги видиме тие ефекти, јас ќе кажам дека немаме доволно ефекти од таа работа. Инаку, законот го поддржувам, ама законот, пак ќе повторам не треба да е селективен. Овие решенија даваат можност законот да биде селективен. Затоа предложив да го усвоиме овој амандман, а да направиме закон кој ќе биде за сите граѓани еднакво третирани, а не селективно.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе, се надевам дека нема да ви одземам многу време со моето говорење. Повеќе би отстапил време на почитуваниот министер евентуално да даде некои појаснувања на сите прашања што досега претходните колеги ги поставија во врска со донесувањето на овој закон, односно поточно на членот 9 на кој е поднесено амандман од група пратеници и со кој амандман се бара бришење на сите одредби што практично значи реинкарнирање на Законот за испитување потекло на имот на граѓаните. Имено, само за потсетување, би ве потсетил вас почитувани колеги, а и целокупната македонска јавност дека во едно дамнешно време, не толку дамнешно време постоеше во Социјалистичка Република Македонија еден закон што се викаше Закон за испитување потекло на имот на граѓаните. Меѓутоа, тој закон егзистираше во една подруга атмосфера, во атмосфера на едноумие, во атмосфера на социјалистички општествено економски систем, во атмосфера на општествена сопственост. И тогаш беа максимирани сите права на сопственост на граѓаните. Имено, само за потсетување, оние што беа земјоделци,, односно оние кои што се бавеа со земјоделска дејност не можеа да имаат повеќе од 10 хектари обработливо земјиште, оние што не беа земјоделци не можеа да имаат повеќе од 3 хектари обработливо земјиште, можеше да се поседува семејна станбена зграда една и помала викендичка, или викенд куќа за рекреација, или 3 помали, или 2 поголеми стана и т.н. Во таа рамка се движеше правото на сопственост на граѓаните. И тогаш многу лесно и објективно можеше да се докаже дали некој од граѓаните тогаш отстапуваше од еден систем би рекол на урамниловка на граѓаните, многу лесно и објективно со квантитативни мерки и показатели можеше да се докаже дали земјоделецот има повеќе отколку што е максимирано правото на квадратни метри на земјоделско земјиште во Уставот, или во законот, дали куќата има повеќе квадратни метри отколку што беше дозволено, дали има повеќе објекти во сопственост и т.н. И она што беше вишок од тоа, му се одземаше во одредена постапка која постапка се викаше постапка за испитување потекло на имот на граѓаните. Меѓутоа, тој закон би рекол со

осамостојувањето на Македонија, со промената на општествено економскиот и политички систем во Република Македонија, или со таканаречената транзиција во која длабоко навлеговме, а сега чувствувам дека сме при нејзиниот крај, ако не се лажам во 1993 година тој закон беше укинат, како анахрон, како рецидив од минатиот систем, како закон кој не е во духот со новот време, кој не е во духот на транзицијата. Но, сега за чудо еве, незнам од кои причини после 12 години од неговото укинување повторно се предлага, меѓутоа не така номиниран закон, меѓутоа во рамките на Законот за персонален данок од доход се предлагаат одредби кои практично значат реинкарнација, или повторно раѓање и повторно ставање во примена на закон за испитување потекло на имот на граѓаните. Да ве потсетам , во меѓувреме од укинувањето на тој закон во 1993 година до денеска во Македонија се направи приватизација. Чинам дека таква приватизација во Македонија како што се направи е најскандалозната приватизација од сите земји на Источна Европа кои влегоа во транзиција. Имено, по моделот, односно законот за трансформација на општествениот капитал во приватен, или популарниот закон на Јане Миљовски беше направен според однапред зададен модел односно според априорни критериуми кои им одговараа, или им конвенираа само на одредена строго селектирана група на фирми, односно раководители во тие фирми.Добро се сеќаваме дека беше направена селекција на најуспешни 10, или повеќе 10, до 15 фирми во Македонија и на другата страна визави тие најуспешни 10 до 15 фирми беа наброени не знам колку, 20, 30, или повеќе загубари. И сега повиканите менаџери на тие најуспешни фирми во Македонија беа повикани и Законот за приватизација, односно за трансформација беше беше скроен според нивните вкусови, односно според вкусот на тогашната владеачка гарнитура која за возврат секако низ годиниве на транзиција добиваше одредени материјални противуслуги. Потпретседателе, не ме прекинувајте.

**Слободан Најдовски:** Може ли да зборувате за амандманот.

**Чедомир Краљевски:** За амандманот зборувам.

**Слободан Најдовски:** Многу малку зборувате за амандманот.

**Чедомир Краљевски:** Како да ја кажам скандалозната приватизација во Македонија и сега одеднаш сите тие се амнестирани, можат да користат одредени средства и никој за тие средства да не ги испитува, а да се испитуваат обични граѓани...

**Слободан Најдовски:** Сега зборуваме за амандманот. Немам ништо против за тоа што го зборувате вие. Но, кога ќе имаме точка на дневен ред за тоа. Сега да зборуваме за амандманот, а немам ништо против, напротив ве поддржувам за тоа, но сега, реков, да зборуваме за амандманот. Продолжете.

**Чедомир Краљевски:** Можеби некого ќе засега, можеби некого ќе радува, меѓутоа јас зборувам објективно, правам една мала ретроспектива на начинот на приватизација на општествениот капитал во Македонија и ринкарнација на Законот за испитување на потеклото на имотот, што беше укинат 1992 година, исто во Република Македонија.

Со овие одредби што се предлагаат во членот 9 од Законот за персонален данок од доход, практично се прави реинкарнација односно воведување и претворање на Македонија во една кодошка држава со прешироки дискрециони права на органите на Управата за јавни приходи каде што може да се посомнева кон секој граѓанин дека одреден имот кој според некои нивни субјективни видувања отстапува од некакви нивни критериуми, колку може еден граѓанин во Република Македонија да поседува, а да биде предмет на шиканирање и на испитување на таквиот имот од страна на органите на државната управа, поточно од Органот за јавни приходи.

Затоа сметам дека овој амандман поднесен од група пратеници, апсолутно има логика и сеуште е рано да се каже дека во Македонија завршила транзицијата, дека во Македонија досегашната приватизација беше во рамките на Законот, сосема спротивно на некакви криминални сомнежи што постојат и дека треба да се воведат сега правилата на игра. Да кажеме сега е пресекот, стоп, правила на игра. Меѓутоа, тие правила на игра да важат од сега па за во иднина, а не 10 години да може, колку што е рокот за застареност на персоналниот данок од доход, да се враќаат и повторно да се испитуваат имотите на луѓе то пред 10 години, да кажеме, ако некој се посомнева дека го стекнал на некаков нечесен начин.

Притоа, сакам да кажам дека не сакам да ги амнестирам сите оние кои на криминален начин се стекнале со одреден имот. Меѓутоа, за таквиот криминален начин на стекнување постојат институции во оваа држава, постои суд, како што реков, Јавно обвинителство, Антикорупциска комисија, Јавно правобранителство и тн. и сите тие имаат доволно ингеренции, законски сето тоа да го испитаат, а не ова да се сведе сега во рамките на органите на државната управа, односно на некои инспектори и референти кои работат во рамките на Управата за јавни приходи, тие на еден дискреционен начин да можат да ги злоупотребат своите овластувања што произлегуваат токму од членот 9 од овој предложен закон.

Уште еднаш би го повикал министерот. Почитуван министре ако сакате дадете ни некое пошироко објаснување, на мене и на колегите, која е целта на овој закон и како би се применувал во пракса и за кого е наменет.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Вчера говорев од воаа иста говорница за она што беше понудено од Министерството за финансии, а не можам да одолеам и на она што денес е понудено во вид на амандман од пратениците Мавровски, Балковски, Трендафилов и Драго Шајноски, од едноставна причина, господине министре што цело време ние овде поставуваме прашања. Вчера не бевте присутен, веројатно се подготвувавте за емисијата "Чуму" и не бевте присутен кога јас говорев, така што не ви го земам за зло тој момент, но притоа не смеете да заборавите дека вие сте министер во Владата на Република Македонија, дека одговарате и пред овој Парламент.

Ништо не можевме да слушнеме ни за самиот закон, поточно за овој амандман за кој денес расправаме, поточно поднесен од овие четворица мои колеги.

Се поставува прашањето и чувствуваме сомнеж дека со вој закон ќе почне лов на вештици, ако може така да се каже и дека намерите воопшто не се искрени, барем јас така ги сфаќам работите, можеби некој ќе ме демантира, а ќе ме демантираат и со самото гласање бидејќи мнозинството е на ваша страна и сето она што ние денес го договоривме и сметаме дека е поставено како аргумент, едноставно ќе биде демантирано со притискање на копчето. Но, тоа не значи дека ќе успеете да не замолчите и дека опозицијата не треба да го даде сопствното видување и на самиот закон и на амандманот предложен од група пратеници од ВМРО-Народна партија. Значи, до сега не добивме одговор зошто овој закон се носи во ова време. Дали тоа не значи дека почнува предизборната кампања, всушност таа почна малку и поодамна и дека овој закон всушност ќе значи пресметка со политичките опоненти, вадејќи го прљавиот веш, а вие сте во можност затоа што сте позиција на власт, сите имплементи се кај вас, ќе можете да манипулирате со јавноста. Некој се смее но јас така ги гледам работите.Апсолутно мое право е како јас ги толкувам работите, а ваше апсолутно право е да кажете дали тоа држи вода или не држи. Така што, најмалку сака некој да се потсмева на говорите на пратениците од било која партија да доаѓа. Некои работи ако ни се нејасни имаме право да прашаме затоа што сте вие стручни, изверзирани и не сте случајно во Министерството за финансии, кое можеби во еден нормален свет е прво по важност, а сите останати се, да не кажам второкласни. Министерството за финансии во секоја нормална држава важи за Министерство кое е репрезент на државата и како такво сакам тука да го сфатам. За жал, ние сме држава во транзиција па другите министерства ги ставаме во преден план, а за Министерството за финансии говориме само кога Буџетот е на ред.

Да се вратам повторно на амандманот.

Зошто треба да се брише членот 9 предложен од група пратеници? Затоа што вие господа искрено не не убедивте во чесните намери на донесувањето на овој закон.

Следејќи ја вчера емисијата на "Чуму", јас се извинувам потпретседателе, мала дигресија ако ми дозволите, имав чувство дека се наоѓам во предизборна кампања.

Во контекст на членот 9, за да не дојде до политичка дисквалификација, јас вчера, а таа обилно ќе се користи од сите можни страни, подземни, надземни, под појас ниски удари и тн. кој е боксер ќе ви објасни со боксерска терминологија, сметам дека членот 9 не само што треба да се брише, туку се доведува во прашање и целиот закон дали е целисходен и дали треба да се донесе во ова време. Значи, постојат низа прашања кои вчера ги поставив, вашата помошничка или заменичка ми нотираше и се надевам дека како министер ќе најдете за сходно, ако не повеќе, не од говорница, можете од лице место да одговорите на низа непознати работи, барем за нас обичните смртници да ни одговорите, прво зошто се носи законот во ова време и зошто законот влече корени од едно минато, заборавено и несакано време, од времето на едноумието кое можеби некој го милува, но многу од нас го паметиме како неубаво време, дали преку нашите родители, дали поради тоа што бевме бележани од државата, не е битно. Но тоа ме потсеќа на едно минато време, на време на зелените планови, на времето, имаш куќа врати стан и не знам уште колку ударнички акции во прва, втора, трета, четврта, петта Петолетка, се во "интерес на народот" а се градеа вилите на еден камен, а тоа фактички беше перење на мозокот. Мораме да признаеме дека тој социјалистички систем по терк на бившата СССР беше страшна перална на мозоците на луѓето, а истото ни се случуваше тука и во Република Македонија како составен дел на веќе непостоечката ни тогаш СФРЈ која се распадна како што се распадна, затоа што беше и вештачка творба, а вештачките творби се распаѓаат на начини на кои се создадени и фала мј на Бога денес живееме во една самостојна македонска држава. Инаку прашање ќе беше дали ќе бевте и вие министер, дали јас ќе бев пратеник. Немавме, едноставно, шанси. Секогаш поголемите браќа ги заземаа најважните позиции, а Македонците секога, за жал, беа тунати на страна.

Но за да не се создаде полтички сомнез дека тоа денес што го предлагате фактички е пресметка со целата опозиција, имајќи предвид дека располагате со Агенција за разузнавање, располагате со државна безбедност, располагате со сите можни инструменти, јас лично како Александар Флоровски се сомневам во искреноста на донесување на овој закон. Но, да не се сфати погрешно дека ние бегаме од некоја одговорност, еве го прифаќам амандманот како логичка последица на еден нелогичен и глупав закон, ако можам така да го крстам, но да не кажувам глупав, еве ќе кажам небулозен, покултурен израз одомаќинет на македонските

простори. Едноставно членот 9 да се брише, да се седне заеднички позицијата и опозицијата, претставниците на политичките партии во Парламентот, од едноставна причина за утре некоја нова власт да не падне во искушение да почне да буричка таму каде што не треба и нема право да буричка, па да бидете вие доведени во ситуација вас да ви се испитува потеклото на имотот, а тогаш веќе и медиумите ќе бидат на страната на власта и однапред ќе бидете осудени за дело кое не сте го направиле. Постои една страшна работа. Она што ќе отиде во етерот, она што ќе се пласира во етерот, обичниот македонски граѓанин го зема здраво за готово и ако покажете на некого со прст дека е лопов, за жал, цел живот ќе ја носи етикетата дека е лопов, притоа некој го обелеува и него и неговото семејство, иако судовите говорат сосема спротивно, а ќе ви набројам милион примери. Ќе бидеме сведоци и на многу ослободителни случаеви од македонското судство, но белегот што ќе го носи цел живот е нешто страшно, тоа е траума и за него и за сопствената фамилија. Значи говорам од еден друг аспект, од човечкиот аспект за утре и на вас како опозиција некој да не манипулра со вас и со вашите сопствени семејства и да ви чукаат на врата, пријавени не знам од кого дека сте сокриле, не знам, некој стан, некоја вила, некоја јахтичка, некој чамец и не знам што и 70% од тоа некој ќе треба да ви земе, а можеби се оставштина од вашиот дедо или баба, а неможете тоа да го докажете, како што никој не може да докаже дали мојата баба од Егејска Македонија 1948 година, кога бегале, за жал точно е дека бегале, пренела 1000 француски златници. Може ли некој тоа да го докаже. Не. Ќе почнеме да буричкаме по минатото?

Тука слушав разно разни дискусии, а се знае колкава е платата на пратеник, на министер и тн. Еве мојата плата се знае која е, но не знаете што имам добиено во наследство. Случајно сега продадов куќа во центарот на Скопје, како оставштина и земав одредена сума на пари, не сум ја земал, деновиве треба да ја земам и ќе ја пријавам во Антикорупциската комисија, сума која не е премногу голема, но не е ни за фрлање. Како наследство.

За да не се доведеме, господине министре, во ваква ситуација, пред се вие како политички субјект, како партија на власт, а во иднина ќе биде партија на опозицијата затоа што македонскиот народ некогаш гласал и од инает, како што гласаше и 2002 година, почнувајќи од онаа македонската "дај Боже да му умре на комшијата козата", ќе ви се случи и на вас, затоа што ќе ве казнат за она што значи ваше трогодишно или четиригодишно владеење, зависи кога ќе бидат изборите. Тоа циклично ни се случува во македонската држава. Нас како ВМРО-ДПМНЕ ни го направија тоа во 2002 година, вас ќе ви го направат во 2006 година, па здравје Боже ќе дојде 2010 година, ќе дојдете повторно вие или некој нов политички субјект кој може да биде сублимат на повеќе политички партии и тн. За да не се доведуваме во незгодна ситуација да се создаде една неубава клима во државата и да почне лов на вештерки, по онаа српската народна "Држте лопова, а лопов је ту", јас господине министре предлагам овој амандман и покрај сите, претпоставувам, притисоци или ваши видувања во Владата, да остане, да го прифатите од причини кои ги набројав. Не знам тоа што го говорев дали е доволно аргументирано, дали доволно влезе во вашата глава. Што е тоа што сакам да го кажам.

Пред се намератами е позитивна. Не сум човек кој денес излегол да критикува само заради критика. Излегувам како човек кој има перцепција и за работите како ќе се движат и понатаму, за да нема реваншизми, за да нема полтички процеси, а овој закон ќе биде иницијална каписла за вакви работи.

Повторно Ќе се вратам на она што вчера го кажав, кога им чукаа низ цела ФНРЈ, 1948 година, дали си за Тито или за Сталин, да не се случуваат такви работи. Имате едно многу логичко, многу разумно решение во вид на амандман. Јас дури спомнав и целиот закон да го повлечете, да го преиспитате, да го усоглсите затоа што се тече, се се менува. Се менува и власта. Тоа сакам да кажам. И утре некои поведени од некои ситуации во кои претходно биле доведени, сака да се одмазди, ве гледа на криво, да не ве доведе до една ситуација која не ја заслужувате затоа што не можеме да речеме дека сите во СДСМ се лоши или сите во ВМРО се криминалци. Секој човек индивидуално одговара пред самиот себе, пред законите, колку е чист. Кој е во затвор ќе излезе, само прашање е на време колку е осуден. Треба само да се има трпение. Вистината секогаш ќе излезе на виделина.

Господине министре, мојата заложба и мојата поддршка на овој амандман поаѓа од логиката на нештата, на она што претходно го набројав, на она што утре како вака предложен закон може да биде предмет на злоупотреба на една нова политичка гарнитура, на една нова влада и за да не се случи она што две години и повеќе беше парадигма, или пример за работењето на власта на СДСМ, олицетворени преку ликот на двајца претходни премиери, денес ситуацијата, морам да признаам дека е променета, за име на вистината, дека се менува и духот, се менуваат и комуникациите помеѓу политичките партии, што е една добра работа. Впрочем и вие бевте на времето приврзаник, па и јавно пишувавте колумни со тогашната потпретседателка на ВМРО, госпоѓа Димовска сека политичките партии треба да имаат нормална комуникација, да не се гледаме како душмани, како мачка и глушец, туку да имаме една нормална комуникација а нашите разномислења овде да ги отвориме, на овој Парламент и да разговараме човечки. Не прифаќам начин, покажи со прстот тој е лопов, стигнува "Марица", лисиците, среде бел ден ве шетаат во Скопје како бела мечка и ајде го нсите веднаш во притвор.

Прво, не е европски, се стремиме кон Европа.

Второ, не е човечки.

Трето, некој ќе превземе одговорност пред Бога, пред таа виша сила. Кој ќе биде тој ќе видием, времето ќе каже, а веќе почнува полека да се отвораат работите.

Значи, да не бидете предмет на вакви работи некој утре од политичката гарнитура која денеска е на власт се шета како бела мечка низ Скопје и другите градови низ државата предлагаме едно разумно решение. Реков предлагаме затоа што и јас се приклучувам кон овој амандман со мојата дискусија,иако не сум се потпишал, стојам зад ова и сметам дека овој амандман треба да се прифати за доброто на политичкиот живот во Република Македонија, за доброто на македонските граѓани, за доброто на државата и за она што значи наше евроинтеграција. Утре да не се случи луѓето да ги осудуваат новинарите, а после тоа судовите да се ставени пред свршен чин да носат одлуки кои ги донеле некои политички гарнитури, кои депримирани и диригирани новинари, кои однапред се знаат и ги осудуваат луѓето од ВМРО-ДПМНЕ божем се најцрни ѓаволи и т.н. и т.н.

Тука ќе завршам да не ви одземам многу време, говорев 5-6 минути, мислам дека е од 5-6 до 17 минути колку што говорев беа доволни да ја сватите мојата аргументација. Да не се повтори сликата од 2002 до 2004 година додека не дојде новиот премиер во ликот на господинот Бучковски кој гради, морам да признам една почовечка, ако не политика кон својот политички опонент. Велам политички опонент, не велам политички непријател. Овде мора да се гледаме како политички конкуренти во краен случај. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Повелете господине Томиќ три минути за реплика.

**Зоран Томиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани минситри, почитувани коелги,

Го користам моето право на реплика на излагањето на колегата Флоровски од две причини.

Првата е, бидејќи сметам дека многу се истрошивме овие два дена во расправање и на законот, а посебно на спорниот член 9 од предложениот закон, и

Второ, сметам дека сосема доволни се три минути да се каже и суштината и се она што се предлага со овој закон.

Бидејќи станува збор за закон, односно амандман каде што се предлага бришење на член 9 јас ги молам колегите, сите оние кои стануваат еден не објасни и не ги потенцираше одредбите од член 9 на овој Предлог на закон.

Имено, тргнете од членот 94-а, кој се менува и вели "кога лице поседува имот и располага со средства поголеми од одданочените". Кој зборува тука за средства нормално стекнати, за кои се поседува доказ.

Видете го ставот 2. Се дава рок, до колку внимателно го читате законот во членот 149-а, тоа е членот 14 каде што се дава 6 месеци време сите лица во државата, тука не станува збор ни за лица од СДСМ, ни за лица од ВМРО, или не знам од која политичка партија, туку оној онаа разлика на имотот едноставно ја пријави до Управата за јавни приходи. Што е тука спорно?

Трето, стапува на сила на 1 јануари 2006 година овој закон, а се применува по 6 месеци. Оставено е доволно временски рок.

Четврто сите ние во овој Парламент донесовме Декларација, заложба борба против корупцијата, криминалот и т.н. Ајде и сега да го подржиме законот.

Функцијата, целта на овој закон е токму тоа, а не како што почитуваниот колега Флоровски рече "лов на вештерки". Каков лов на вештерки.

Петто, значи органот може да покрене постапка. Кој рече да не се покрене постапка. Па и да се покрене, кажав и на колегата Блаже Стојановски во репликата постои еден ред на нешта, жалба до Министерството, потоа до Врховен суд на Република Македонија и т.н.

Јас ја сваќам одредбата и целта на овој амандман, овој спорен член кој што зборува во најпозитивна смисла на зборот. Верувам и вие истото го потврдувате.

Единствено што забележувам и тоа најодговорно ќе го кажам е што овој закон не се носи во две фази и што Законодавно-правната комисија повторно ќе треба да изработува пречистен текст. Тука навистина може да дискутираме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Господине Томиќ имам чувство дека министерот и министерите по вакви прашања во право вие ги заменувате во пракса. Не знам зошто министерот не стана.

Јас овде дадов сопствено видување што утре може да се случи ако се отвори Пандорината кутија, а притоа познавајќи го менталитетот на сопствениот народ. Да не добие овој закон сосема поинакво толкување во една друга политичка консталација. Ние знаеме дека стапува на сила после 6 месеци. После 6 месеци и 8 дена, по објавување во "Службен весник", да бидеме попрецизни, иако не сум правник знам дека прво се објавува во "Службен весник", а таму јасно и гласно стои дека стапува на сила после 6 месеци.

За да не се случи она што се случувало 2002-2004 година, а притоа имаме институции кои се борат против корупцијата...

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, ве молам помина вашата минута.

**Александар Флоровски:** Да кажам нешто многу битно.

**Слободан Најдовски:** Не можам да дозволам, помина вашата минута.

**Александар Флоровски:** За општото добро.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, помина минутата, за сите е исто.

**Александар Флоровски:** Потпретседателе не е чесно да не довршам, а се работи за 5 секунди.

Имате Министерство за внатрешни работи, имате Комисија за анти корупција и што ова ќе ви треба. Имате милион институции кои што се бават со оваа работа.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, ќе ве молам...

**Александар Флоровски:** И нашата јавна декларираност да застанеме зад тие институции кои ќе ги санкционираат ваквите работи.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, ве молам, вашите минути поминаа.

**Александар Флоровски:** Тоа беше моето кажување.

**Слободан Најдовски:** Во име на предалгачите господинот Мавровски побара збор, а потоа господинот Ефтим Манев.

Повелете господине Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Еве веќе дојдовме во ситуација ние пратениците меѓу себе да се препукуваме. Јас го ценам мислењето на мојот колега Томиќ, експерт во оваа област, но и тој го потврдува ова што ние го говориме.

Значи законот се донесува по итна постапка од министерот да се донесе, пред Нова Година со важност после 6 месеци. Зошто се брза и кој се брза? Господинот Томиќ не може да ги брани овие работи затоа што ова е веќе дванаеста измена на овој Закон и сега не добивмае ниту прочистен текст, се обидуваме од Управата за јавни приходи да биде и Јавно обвинителство и Министерство за внатрешни работи и суд. Па, господине минситре мислам дека е време да излезете и да ни кажете што е ова што го предлагате. Ако вие тоа не го нарпавите ние како пратеничка група ќе ја напуштиме седницата и апсолутно се чувствуваме како игнорирани во целата оваа расправа, затоа што вие на граѓаните на Република Македонија не им давате објаснување. Ако нас како на пратеници кои што го прочитавме законот не ни е јасно, на граѓаните уште помалку ќе им биде јасно. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Само за појаснвуање, законот е во скратена постапка, а не по итна постапка.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам потпретседателе.

Ќе бидам прилично краток бидејќи имаше доста дискусии по овој Предлог на закон, по амандманот на членот 9, за кој се предлага да се брише од законот.

Јас би сакал да се произнесам. Сослушувајќи ги сите дискутанти застанав на становиште дека нема потреба да се брише членот 9 и дека ако сакаме Република Македонија да дојде малку поблиску до Европа мора да се плаќаат даноци.

Ставот 1 од членот 94-а зборува дека граѓанин, лице кое што едноставно го сокрил својот имот, избегнал плаќање на данок на имот и е регулирана таа постапка во ставот 1 од тој член.

Ставот 2 дава можност органот, првостепениот орган кој што ќе ја поведе таквата постапка за да утврди дека некое лице не го пријавило данокот во тој дел има право да го повика лицето да се изјасни за потеклото на имовината, на онаа која што не е оданочена.

Ставот 3 укажува, таа постапка ја води се додека не застарело утврдувањето на данокот. Не знам што е нејасно во таа одредба во овој член 94-а, што едноставно се наоѓа начин како да се уберат сите даноци во Република Македонија, а кое нешто со Уставот е утврдено секој граѓанин е должен да плаќа данок, според она што тој го има, дали ќе биде имот, или персонален данок и друго.

Не знам што не ни е јасно на нас овде што правиме забуна дека ќе ни треба време дека ќе се најдат одредени граѓани во неповолна положба по однос на својот имот. Едноставно секој граѓанин својот имот треба да си го регистрира дека го има таквиот имот, а да не биде невидлив. Да биде дури и социјалец, а да располага со кој знае каква имовина.

Затоа мислам дека оваа одредба е корисна и е добра, како лично јас така и ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржиме законот, бидејки е реален законот. Нема што не е реално во него. Единствено останува одредени состојби да се уредат со подзаконски акти до кој степен органот на Управата за приходи ќе води постапка, или само, бидејки не е доволно дефиниран ставот 2 во постапката дека од ставот 1 на овој член лицето е должно на органот за јавни приходи да презентира доказ за изворите на средствата.

Дали тој орган ќе застане до овде "граѓанинот ќе се изјасни, или не се изјаснува", и до колку постои некакво сомневање, веројатно тој орган не ќе може да утврдува понатаму за таа имовина, или ќе утврдува некој друг орган, органот за корупција или Агенцијата за перење на пари. Кој тоа понатаму ќе го дообјаснува и ќе утврдува.

Мислам дека можеби ќе треба некои подзаконски акти за да се дооформи целината на оваа одредба, инаку сметам дека целата забуна што ја правиме е непотребна. Ако некој има имовина мислам дека тој ќе има и начин на докажување на истата. Дали ја наследил од дедо, баба, прадедо, има начин. Ако паднала од некаде без да знае кој му ја дал, тогаш не ќе има докази. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Стојаноски три минути за реплика.

Има збор господинот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господинот Ефтим Манев кажа дека имало регулирана постапка за утврдување на потеклото на имотот. Јас не знам каде ја прочитал таа постапка и би сакал да ми објасни како изгледа таа постапка. Дали тоа значи Комисијата што ја имаше во Министерството за финансии на времето кога се работеше за купопродажба на недвижен имот, па утврдуваше дали тој имот вреди толку или онолку, истата таа Комисија ќе ги врши и овие работи кои што се предвидени за 500 или 600 илјади семејства во Република Македонија. Дали таа ќе има доволно материјални средства од Буџетот да појде по сите општини каде е доминантно албанското население, кое што, како што реков и претходно живее во голем дел од средства кои што ги праќаат албанците кои работат во странство. Дали ќе утврдат дека оние средства, дел од имотот кои што се прибавени на начин на кој што не може да го утврди лицето чија вредност на имотот се оценува од страна на Министерството за финансии, ќе биде принудено да докажува пред Минситерството за финансии од каде му се тие средства, или тие надлежности ќе ги пренесе на Јавното обвинителство, на Јавното правобранитеслтво, или незнам на кој друг орган, на полицијата. Дали на овој начин ние не правиме уште еден чекор кон создавање на една голема несигурност во поглед на инвестирањето во Република Македонија со вложувањето на средствата, затоа што сите средства што би се појавиле ќе бидат сомнителни.

Понатаму, велите дека секој е должен да плаќа данок. Јас се согласувам секој е должен да плаќа данок, никој не зборува против тоа и против обврската да се плаќа данок. Ние зборуваме каде беше државата до сега да го наплати овој данок во последните 10 години, за колку што сега ќе бара утврдување на неплатен данок.

Дали тоа значи признание дека оваа власт и сите претходни власти биле неспособни да го прибираат овој персонален данок, затоа што сега ќе се утврдува за наназад целиот оној период за време на застареност. Дали тоа значи признание дека Никола Груевски, Никола Поповски и сите минситри за финансии, под чии ингиренции била Управата за јавни приходи не си ги вршеле своите работи во периодот додека биле министри. Дали ова значи дека со подршката од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ вие покажувате соработка со СДСМ и покажувате некои сигнали за колиционо дејствување. Што е она, тоа е врз основа на сето она што вие го кажувате за секој наш став по однсо на било кое прашање во овој Парламент.

Значи, ако одиме принципиелно тогаш принципиелно ќе треба да се однесуваме во секоај ситуација и затоа јас сметам дека ова што го кажува господинот Ефтим Манев апсолутно не може да претставува основа за прифаќање на овој закон.

Уште еднаш би го повикал министерот да каже зоштого предлага во скратена постапка.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпдоине Стојаноски.

Една минута контра реплика за пратеникот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Најниско е искажувањето дали јас лично се отворам према СДСМ или Блаже се отвора према ДУИ или некоја друга политичка партија на Албанците, затоа што често пати спомнува дека тие не си ја знаат имовината.

Јас мислам дека секој граѓанин си ја знае имовината и не сум кажал кое дело. Кажав дека за ставот 2 ќе треба подзаконски акт до кој степен ќе проверува Управата за јавни приходи. Ништо понатаму нема спорно. Другото само е муабет. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Имате збор господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Само да му објаснам на пратеникот Ефтим Манев бидејки имам право на реплика.

**Слободан Најдовски:** Не, вие имате збор, немате право на реплика или контра реплика.

**Блаже Стојаноски:** И на останатите во однос на процедурата и на можностите за злоупотреба за ова што се предлага.

Она што го кажав претходно, сакам само да повторам неколку работи.

Првата работа е што постапка се води. Зошто посебна постапка, а не и редовна. Не и постапка која што претставува редовна постапка која што ја врши при наплата на данок Министерството за фианнсии преку Управата за јавни приходи. Значи имамте посебна, издвоена постапка, различна од нормална.

Второ, како почнува таа постапка? Почнува со донесување на решение за отпочнување на постапка спрема конкретно лице од страна на подрачната единица на Управата за јавни приходи, на директорот кој што има дискреционо право да одлучи спрема кого ќе се донесе решение да се отвори таква постапка.

Понатаму, до колку тоа лице, за кое ќе се утврди да се докажува,од незнам какви причини тоа може да се направи, зборувам и од субјективни, не мора да биде заради политички, економски и не знам какви други. Од субјективни причини може да настане злоупотреба на оваа можност.

До колку лицетоне докаже тогаш Управата носи решение со кое му утврдува данок во висина од 70% и со кое што му одзема дел од имотот. Знаеме дека при наплата на данок жалбата не го одложува извршувањето.

Министерството за финансии понатаму продолжува со постапката за наплата на тој данок.

Жалбата што ја има понатаму лицето до Второстепената комисија при Владата на Република Македонија ја има према орган кој што е исто така дел од извршната валст. Владата ја формира таа комисија. Ние имаме правосилно решение, правосилна наплата за 70% од имото на лицето за кое што е отворена таа постапка без притоа да се води сметка дека докажувањето на потеклото на имотот и товарот кој што треба да се има при докажувањето лежи на оној кој што тврди, а тврди во овој случај Управата за јавни приходи, а судот е тој кој што може да одлучи дали некој нелегално, незаконски го стекнал тој имот.

Не е тоа ниту Управата за јавни приходи, не е тоа ниту Комисијата во Владата на Република Македонија. Значи, зборуваме за изместување на основните правни принципи во оваа држава. Затоа, јас зборувам, јас не бранам никој кој што нелегално стекнал имот или не знам што направил и на кој начин. Ние зборуваме како опозиција принципиелно во функција на почитувањето на правото, на правните прописи во оваа држава. Тоа е целта на дискусијата. Јас затоа морав да се јавам на крајот уште еднаш, за да го истакнам ова прашање, затоа што се се сведува на некаква политизација, дали некој сакал, некој бранел некого или некој не бранел некого. Се работи за многу суштинско прашање од кое што може да настанат огромни последици врз демократијата на Република Македонија, врз вкупниот демократски поредок во оваа држава и воопшто врз почитувањето на законите во оваа држава.

За да не се случи тоа, јас го повикувам еве уште еднаш на крајот министерот за финансии да објасни зошто сето ова го предложил.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Манев дали сте за реплика?

Три минути реплика на пратеникот Манев Ефтим.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Бидејќи, тоа што го кажа господинот Блаже, за неговата реплика времето му било кратко, но и мене ми беше кратко времето да му одговорам на неговата реплика.

Тоа што досега поранешните влади не донеле таква одредба во некој закон каде што ќе биде дословно да се прибираат даноците, тоа било дефект на тие влади.

Јас ниту ја бранам оваа Влада, ниту сум член таму каде што зборува Блаже, тоа може само тој така да си мисли. Јас зборувам реални работи за Република Македонија. Овој закон е реален. И, да не се плашиме да си ги плаќаме даноците кои што има. Исто така, да не се плашиме оној граѓанин што има имовина дека не ќе може да докаже дека е негова, тој мора да ја има, да ја поседува. Не е спорен ставот 2 каде што се зборува за тоа да го праша чија е имовината. Тој ќе каже ако е негова имовината и ќе има документ, а ако нема документ треба да докаже. Тогаш, ако е негова тој скривал данок да плаќа, не ја пријавил и тоа е основната цел во овој закон претежно, а не е тоа дека некој ќе ја испитува неговата имовина. Ако се јави таков граѓанин кој што има имовина, а не е евидентирана на негово име, тогаш тој е должен да си ја пријави таа имовина и да си ја утврди.

Во светот во тие држави развиени, каде што сакаме да тропаме на портите и да сме со нив, тоа е многу одамна решено. Таму нема ништо непознато. Е, сега, ако е тоа господине Спиро, 300 години, ние ќе почнеме од оваа година. Е, мора да почнеме еднаш. Некогаш мора да се почне. Некои почнале, па сега ние нема да почнеме, ќе го одложиме, па ајде после 20 години. Се што е нелегално треба да се пријави, некој што го прикривал. Јас би имал толку, и благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Една минута контра реплика пратеникот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Се согласувам дека се што е нелегално стекнато, треба да се санкционира. Меѓутоа, тоа треба да биде направено неселективно.

Ако вие претендирате со вашиот одговор дека некој сака или некој се плаши или не се плаши, јас овде пред сите кажувам дека никој овде нема во Парламентот кој што се залага данок некој да плаќа, а некој да не плаќа. Сите треба да плаќаат данок во оваа држава и тоа треба да биде санкционирано. Меѓутоа, за да биде санкционирано, треба да функционираат институциите на системот, а не со вакви закони кои што се појавуваат само заради политички прашања или заради политички и не знам какви други пресметки и кои оставаат многу отворени можности за злоупотреба.

Барам прецизна постапка, барам точно утврдување на овластувањата на Управата за јавни приходи и барам судска гаранција за лицата кон кои што ќе се злоупотреби ова право.

Јас тоа го барам, заради еднаквост на сите граѓани во Република Македонија пред Уставот и законите.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Процедурално се јави господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Во името на предлагачите, по што министерот беше замолен повеќе од 10 пати и не се јави за одговор, не не удостои, ниту ни објасни на нас, ниту на граѓаните на Република Македонија, ние ја напуштаме седницата.

**Слободан Најдовски:** Во ред.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Пауза за ручек.

Објавувам пауза.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги вклучувам десетте минути за кворум.

Господине Рафис, барате процедурално?

Повелете.

**Рафис Алити:** Господине претседател благодарам.

Бараме како парламентарна група 15 минути пауза, за да се консултираме во однос на амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници гласале 59, за амандманот гласале 5 пратеници, против 54, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 11-а, по членот 11, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 12, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам министерот за финансии да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко претседателе да кажам како ќе гласаме за овој закон.

Еве во име и на Либералната партија сакам да кажам дека не се согласуваме со одредбата на член 7, со додавањето на новиот член 55-а, со кој што се утврдува обврската за земјоделците, значи дополнително оптоварување да плаќаат уште еден данок и наместо да им помогнеме со субвенции, премии, или пак даночни олеснувања, се товарат со уште еден данок од 15%. Апсолутно сме против тоа решение. Сме согласни, како што можеше и да се види со членот 9 и мислиме дека право на државата да ги оданочува сите оние граѓани кои што не ги пријавуваат своите имоти и како што сите граѓани во државата си плаќаат за својот имот данок, така и оние кои што не платиле треба да си плаќаат, но по стапка која се предвидува од 70%.

Сметаме дека доколку Владата навистина има искрена намера да воспостави ред во оваа сфера, навистина, нема да има понатаму проблем со Буџетот на Република Македонија, меѓутоа, се надеваме дека нема да биде селективно спроведуван овој член од овој закон, дека ќе се утврдат јасни критериуми и дека нема да се остави можност на администрацијата, која што ќе се согласите, во најголем дел е партиска, односно на пример Управа за јавни приходи е управувана од претставник на власта. Значи, да не се дозволи злоупотреба. Заради тоа бараме јасно прецизирање, значи носење на правилници во кои што ќе се остави малку можност, мал простор, за вакви манипулации и селективно спроведување на одредбата од овој закон.

Од тие причини, заради тоа што имаме еден член со кој се согласуваме, а еден член со кој што изричито не се согласуваме, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеничката група на Либералната партија, ќе гласаат воздржано за овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас помислив дека ќе се поделите половина за, половина против.

Господине министре имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Сакам да укажам дека одредбата на која госпоѓата Бонева се повикува како причина заради која нема да го гласаат законот, што е нивно право, не постои во законот, така што ова што беше соопштено, едноставно не можам да го прифатам како валидно, без разлика кој е нивниот однос по законот, затоа што во членот 7 на кој се повикува, не постои оданочување на земјоделците за кое беше соопштено.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 58 гласале за, 4 воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на закон за изменување на Законот за установите.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 49 гласале, 49 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на законот за установите.

Минуваме на точка 12.

Господинот Јашари има процедурално.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Господине претседател, бидејќи точката 17 во однос со Законот за извршување на санкции исто така е предложен од Министерството за правда, додека претставниците на Владата се тука, мислам дека би било добра оваа точка да биде 12 точка, со цел да бидеме поефикасни во нашето работење.

Предлагам да ме поддржат 10 пратеници.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има поддаршка од 10 пратеници.

Морам предлогот да го ставам на гласање.

Предлогот го ставам на гласање.

Бидејќи тука се присутни претставници од Министерството за правда, **17 точка Предлог на закон за извршување на санкциите,** да се разгледува сега. Значи после оваа точка што ја завршивме.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 51 гласале, 46 гласаа за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господине Караџоски имате процедурално. Повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе од името на пратеничката група на ВМРО Народна партија и заради измена на дневниот ред, но и заради она што следеше, а е точка 12, барам еден час пауза заради усогласување.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам еден час пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,45 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

**Минуваме на 17-та точка - Предлог на закон за извршување на санкциите.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Вис е доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 14 став 1; член 33 став 3; член 68 став 1; на членовите 68 ставови 1 и 2, 69, 70 став 2; 71, 72, 73 став 2; 75 став 2; 82 став 1; 149 став 2 точка 9, 362, 364, 365, 366, 367 и на другите членови после кратенката за менување на зборовите "казнено поправните установи" со зборот "установите" и на член 362.

Законодасвно-правната комисија поднесе амандмани на член 53 за менување на став 2; член 67 ставови 3 и 4; член 214 став 1; член 215 став 1; член 218 став 2; член 357 став 1; член 362 и за бришење на член 366.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандмани на член 15 ставови 1, 2, 3 и 4; член 16 за менување на став 2; член 344 став 3; и на член 335 став 1; по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски поднесоа амандмани на член 22 за менување на став 3 и на член 58 за додавање нов став 3, по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 ставови 1, 2, 3 и 4, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот за правда.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Јашари, барате збор? Не барате.

Го заклучувам претресот по амандманот и сега чекаме да се обезбеди кворум, затоа што ако не го повлекувате амандманот, треба да гласаме по него.

Има збор пратеникот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Господине претседател, го повлекуквам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став  2, поднесен од пратетникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Поввелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Јашари, повелете, имате збор.

**Аднан Јашари:** И овој амандман го повлекувам.

**Љупчо Јордановски: А**мандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за менување на став 3 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда, повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.,

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, а јас не можам да го повлечам, не се тука претставниците, го заклучувам претресот по амандманот.

Сега морам амандманот да го ставам на гласање, затоа, ги молам пратениците да влезат во салата.

Ресетирајте го системот бидејќи 10 минути за кворум одат.

Бидејќи е очигледно дека немаме кворум, тука кај овој амандман ја завршуваме денешната седница.

Сакам да ве известам и да ги замолам пратениците утре во 11,00 часот да бидат точно на време тука, затоа што имаме една седница за еден многу важен закон, барем Владата мисли дека е таков и ние мораме да го донесеме бидејќи рокот е 31 декември 2005 година. Потоа ќе продолжиме со оваа седница.

Во 14,00 часот Собранието организира некој коктел за вработените, а бидејќи и пратениците се вработени во Собранието, и тие се поканети во 14,00 часот. Потоа, среќна нова година.

(Седницата прекина во 16,55 часот).